**20160140401**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 33 став 7 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија” број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 јануари 2016 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА МЕЃУ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И МЕЃУ ФОНДОВИТЕ

Член 1

Во Буџетот на Република Македонија за 2016 година, во посебниот дел во првата потколона од колоната Расходи на Основен буџет, се врши следнава прераспределба на средства:

Во Разделот 09002 - Министерство за финансии - функции на државата, во потпрограма 20 - Функции, категорија 48 – Капитални расходи, ставката 480 – Купување на опрема и машини се намалува за 253.682.112 денари и

Во Разделот 31010 - Јавно обвинителство на Република Македонија, по потпрограма 20-Јавно обвинителство, по ставка 464 - Разни трансфери, се додава нова потпрограма 21 – Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, категорија 40 – Плати и надоместоци, ставка 401 - Основни плати во износ од 76.000.000 денари, ставка 402 - Придонеси за социјално осигурување во износ од 29.182.112 денари, ставка 404 – Надоместоци во износ од 25.000.000 денари, категорија 42 - Стоки и услуги, ставка 420 - Патни и дневни расходи во износ од 2.460.000 денари, ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 6.960.000 денари, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар во износ од 6.960.000 денари, ставка 424 - Поправки и тековно одржување во износ од 2.360.000 денари, ставка 425 – Договорни услуги во износ од 81.320.000 денари, ставка 426 – Други тековни расходи во износ од 1.040.000 денари, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 480 – Купување на опрема и машини во износ од 12.400.000 денари и ставка 481 - Градежни објекти во износ од 10.000.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 - 606/1
27 јануари 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.